Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-13/2
**16.02.2024, Скопје**

За потребите на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), врз основа на Договорот за грант меѓу УНДП и Институтот за човекови права бр. 0307-62/1 од 17.11.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права ја испраќа следната:

## ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 1/2024
## за набавка на услуги за дизајн, подготовка и печатење на промотивни материјали

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од ЕУ и спроведуван од УНДП, има потреба од **набавка на услуги за дизајн, подготовка и печатење на промотивни материјали,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

   Проектот е ослободен од ДДВ.

2. Опис на услугата:
   - Дизајн, техничка подготовка и печатење на платнени торби;
   - Дизајн, техничка подготовка и печатење на картонска рамка за сликање;
   - Дизајн, техничка подготовка и печатење на постери.

   Подетален опис на услугите е даден во техничката спецификација 1/2024 која е дел од оваа покана.

3. Прелиминарна временска рамка
   Услугата треба да се испорача во периодот **од февруари 2024 до ноември 2024**.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот понудувач за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша финансиска понуда за горенаведената покана.

**Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:**

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина | Единечна цена без ДДВ (во МКД) | Вкупно цена без ДДВ (во МКД) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Дизајн и техничка подготовка на материјалите | 1 | | |
| 2. | Печатење на картонска рамка за сликање | 1 | | |
| 3. | Печатење на постери | 8 | | |
| 4. | Печатење на торби | 400 | | |
| | | | ВКУПНО | |

6. Изборот на добавувачот ќе се врши по пат на евалуација на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда е:
   а) Соодветна и прифатлива и
   б) Ги задоволува следниве критериуми:
   - Финансиска понуда: 100%

   За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
   **број на бодови = (најниска понудена цена х максимален број на бодови) / цена на понудата**

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по доставување на фактура без ДДВ, во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **27.02.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на поканата, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **22.02.2024 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права

**Марија Чекреџи**
**Институт за човекови права**

## Спецификација за набавка на услуги за печатење на промотивни материјали 1/2024

### Картонска рамка за сликање

| | |
|---|---|
| Димензии | 120x80 цм |
| Материјал | Форекс 5мм |
| Печат | 4/0 |
| Количина | 1 |

### Торби

| | |
|---|---|
| Димензии | 38x42 цм |
| Материјал | Платнена |
| Печат | 4/0 |
| Количина | 400 |

### Постери

| | |
|---|---|
| Формат | B2 |
| Хартија | 150 гр кунздрук |
| Печат | Во боја (full color) |
| Количина | 8 |

Здружение на граѓани Институт за човекови права • СКОПЈЕ •